Виолета ПЕТРОСКА-БЕШКА
Николина КЕНИГ

УДК: 316 : 371.124

# НЕГАТИВНИТЕ ЕТНИЧКИ СТЕРЕОТИПИ КАКО ФАКТОР ЗА ФОРМИРАЊЕ ПРЕДРАСУДИ КАЈ ИДНИТЕ ВОСПИТУВАЧИ И ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

**Кратка содржина**

*Во трудот се прикажани дел од наодите од емпириските истражувања извршени во пет наврати, и тоа во 1996, 1998, 2000, 2002 и 2004 година, кои се однесуваат на вредносниот аспект на етничките стереотипи на студентите Македонци и на студентите Албанци од Педагошкиот факултет во Скопје. Анализата на резултатите е направена со цел да се добие одговор на прашањата: (1) Какви се разликите во стереотипите за Македонците, Албанците, Турците, Србите, Бугарите и Грците, што ги имаат Македонците и Албанците – идни воспитувачи и одделенски наставници? И (2) Какви промени настануваат во стереотипите што ги имаат Македонците и Албанците – идни воспитувачи и одделенски наставници, за наведените етнички/национални групи?*

*Резултатите укажуваат на тоа дека двете испитувани групи имааат негативен стереотип една за друга. Испитаниците Македонци ги гледаат низ негативна призма само Албанците, додека пак испитаниците Албанци негативно ги стереотипизираат Македонците, Бугарите и Србите. Стереотипите се менуваат со текот на времето, и тоа во временски периоди кога различни заканувачки фактори на различен начин, го одредуваат доживувањето на другите групи. Толкувано низ призмата на интегрирана закана, постоењето на негативни стереотипи кај Македонците и кон Албанците што студираат на Педагошкиот факултет во Скопје, надополнето со присуството на сите други заканувачки фактори, ја прави повеќе од веројатна можноста за формирање етнички предрасуди кај претставниците на двете најбројни етнички заедници во Република Македонија.*

***Клучни зборови**: НЕГАТИВНИ ЕТНИЧКИ СТЕРЕОТИПИ, ВРЕДНУВАЊЕ, ПРЕДРАСУДИ, ТЕОРИЈА НА ИНТЕГРИРАНА ЗАКАНА.*

## Вовед

Предрасудите може да бидат дефинирани како негативни ставови кон одредена социјална група (Secord & Backman, 1964). Освен што се негативни, предрасудните ставови се базирани врз претерани генерализации кои најчесто се крути, ирационални и неправедни (Allport, 1954). Иако е вообичаено ставовите да се дефинираат како целина, од когнитивна, афективна и бихевиорална компонента, многу понови дефиниции ја нагласуваат афективната димензија која произлегува од дискрепанцијата меѓу карактеристиките што се позитивно вреднувани од страна на оној што ја има предрасудата и карактеристиките што им ги припишува на оние појави и групи кон кои е насочена предрасудата (Duckitt, 1992; Eagly & Chaiken, 1992, според Stephan, 1999). Нагласувањето на афективната компонента е оправдано поради фактот дека негативната евалуација ја прави смислата на предрасудата.

Неколку концепции што ја објаснуваат динамиката на формирањето на предрасудите и на нивното трансформирање во дискриминаторско однесување, се обединети околу *теоријата на интегрирана закана* врз основа на сфаќањето дека чувствата на страв и на закана се неопходен услов за појава на предрасудите (Stephan, 1999*). Оваа теорија разликува четири вида закани: реалистични, симболички, интергрупна анксиозност и негативни стереотипи (Слика 1.)




Слика 1.

*Модел на теоријата на интегрирани закани (според Stephan, 1999)*

---

* Сите објаснувања што се однесуваат на теоријата на интегрирана закана се земени од Стефан (1999). Истиата книга е користена и како секундарен извор за сите автори што се наведени како поддршка на дадените објаснувања.

*Реалистичните закани* се однесуваат на самиот опстанок на групата, на нејзината политичка или економска моќ, или пак на физичката и материјалната благоосостојба на нејзините членови. Притоа, заканите не мора да произлегуваат од реален конфликт меѓу групите, туку е доволно да бидат субјективно доживеани, без оглед на објективните околности. Групните разлики во културните вредности, норми и убедувања, сами по себе, се доживуваат како *симболички закани.* Предрасудата кон групата што е различна станува уште понегативна тогаш кога таа група се перципира како пречка во практикувањето на обичаите, на традициите и на вредностите на групата што ги има предрасудите (Esses et al., 1993). Третиот тип закана потекнува од *интергрупната анксиозност*, која произлегува од претпоставката на луѓето дека може да бидат навредени, исмеани, или злоупотребени низ интеракциите со припадниците на „другата" група. Овој тип на анксиозност е особено изразен кај групите со историја на меѓусебен антагонизам (Stephan & Stephan, 1985). *Негативните стереотипи* може да станат закана тогаш кога кај припадниците на групите се јавува стравување дека, во интеракцијата со „другата" група ќе бидат третирани врз основа на негативната слика создадена за целата група. Како резултат на тоа, тие развиваат негативни чувства кон припадниците на „другата" група.

Неколку фактори може да го засилат доживувањето на закана во меѓугрупната интеракција: претходните меѓугрупни конфликти, квантитетот и квалитетот на меѓугрупниот контакт, статусот на групите (релативни односи на моќ) и познавањето на „другата" група (Слика 1.). Повеќе од очигледно е дека, во услови на претходен меѓусебен конфликт, на повеќе негативни контакти на сметка на ретки позитивни контакти, голема перципирана асиметрија во моќ и непознавање на „другата" група, се засилува доживувањето на закана, без оглед на изворот на заканата

## Проблем на истражувањето

Примената на *теоријата на интегрирана закана* во случајот на Република Македонија може да помогне во анализата на потеклото и развојот на етничките стереотипи и предрасуди кај двете најбројни етнички заедници во земјата – Македонците и Албанците. Анализата, од своја страна, може да придонесе за расветлување на динамиката на меѓуетничките македонско-албански од-

носи, ставени во контекст на другите групи во земјата и во непосредното опкружување на Балканот.

Со оглед на тоа дека социјалното учење, претставува многу битен фактор во развојот на етничките стереотипи и предрасуди (Baron & Byrne, 1987), од посебен интерес е да се детектира нивното присуство кај наставниците, како клучни агенси во социјализацијата на децата. За таа цел, спроведено е лонгитудинално истражување кое треба да одговори на прашањето:

- *Какви се разликите во стереотипите за Македонците, Албанците, Турците, Србите, Бугарите и за Грците, што ги имаат Македонците и Албанците – идни воспитувачи и одделенски наставници?*
- *Какви промени настануваат во стереотипите што ги имаат Македонците и Албанците – идни воспитувачи и одделенски наставници, за наведените етнички/национални групи?*

## МЕТОД

### Испитаници

Истражувањето претставува тренд – студија базирана на пет мерења извршени во различно време (1996, 1998, 2000, 2002 и 2004 година) на пет независни примероци извлечени од иста популација – студенти на Педагошкиот факултет во Скопје. Во секое мерење учествуваа повеќето редовни студенти (Македонци и Албанци) од I и од II година на студии кои се студираат на одделите за одделенски наставници и за предучилишни воспитувачи. Бројниот состав на примероците е даден во Табела 1.

**Табела 1.** *Бројот на испитаниците според етничкиот состав на примероците*

| | Студенти – Македонци | Студенти – Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1996 год. | 159 | 156 | 315 |
| 1998 год. | 143 | 139 | 282 |
| 2000 год. | 227 | 171 | 398 |
| 2002 год. | 118 | 142 | 260 |
| 2004 год. | 174 | 138 | 312 |
| | 821 | 746 | 1.567 |

## Инструмент и постапка

За прибирање на податоците користена е една верзија на Озгудовиод (Osgood) семантички диференцијал, што ја сочинуваат 16 чифта придавки претставени со нивните позитивни и негативни крајности кои се проценуваат на скала од седум степени. Од испитаниците се бара да изберат еден од трите степени на двата краја на континиумот кои покажуваат различно ниво на прифаќање (или нула, доколку одговорот е неутрален или несигурен) со цел да се опише секој презентиран концепт. Шесте концепти во истражувањето се однесуваат на следните етнички/национални групи: *Македонци, Албанци, Турци, Срби, Бугари* и *Грци.*

За потребите на овој труд, анализирани се само оние биполарни придавки што се однесуваат на *вреднувањето* (евалуацијата) како посебна димензија. Тука спаѓаат следните осум биполарни придавки: добри-лоши, алтруисти-егоисти, друштвени-недруштвени, љубезни-сурови, искрени-неискрени, успешни-неуспешни, интелигентни-неинтелигентни и помирливи-кавгаџии

Инструментот е задаван на мајчиниот јазик на испитаниците. За да се избегнат ефектите на редослед, користени се повеќе различни комбинации од редоследи на концептите.

Освен последниот пат, во октомври 2004, инструментот е задаван во четири претходни наврати: јануари 1996, март *1998*, мај 2000 и март 2002. Секој од петте периоди е обележан со еден или со повеќе општествено-политички настани што може да се тертираат како акцелератори на доживеана меѓугрупна закана.

## Резултати

Анализата на добиените податоци се базираше на групните аритметички средини, добиени од индивидуалните вредности на скалата од 1 до 7, каде со 1 е означен најпозитивниот крај на биполарната димезија, со 7 – најнегативниот крај, а со 4 (±0,25) е означена неутралната точка. Притоа, анализата бараше да се утврдат просечните процени на биполарните димензии за факторот *вреднување* кои се изведени од аритметичките средини за сите чифтови од придавки и соодветните стандардни отстапувања, како показатели на хомогеноста на добиените процени.

Податоците што ги опишуваат и што ги споредуваат етничките стереотипи на студентите Македонци и Албанци, добиени во 2004 година, за секоја од шесте етнички/национални групи, се прикажани во Табела 2. и потоа илустрирани со Графикон 1.

**Табела 2.** *Резултати од споредбата на проценките на двете групи испитаници, направени во 2004 година*

| | МАК | АЛБ | *t-test* | *p* |
|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | **2.45** - 1.00 | **4.50** - 1.69 | -13.2 | *<0.01* |
| **Албанци** | **4.78** - 1.49 | **1.85** - 1.08 | 18.90 | *<0.01* |
| **Турци** | **2.85** - 1.00 | **2.96** - 1.45 | -0.82 | >0.05 |
| **Срби** | **2.36** - 0.92 | **5.45** - 1.40 | -23.06 | *<0.01* |
| **Бугари** | **3.42** - 1.04 | **4.40** - 1.33 | -7.19 | *<0.01* |
| **Грци** | **4.19** - 1.22 | **4.05** - 1.57 | 4.05 | >0.05 |

*Масните бројки ги претставуваат аритметичките средини на проценките, а другите се соодветните стандардни отстапувања*

• *Колоната означена со МАК ги прикажува податоците добиени на испитаниците Македонци, а колоната означена со АЛБ на испитаниците Албанци*




Графикон 1.
*Споредба меѓу просечните процени на студентите-Македонци и на студентите-Албанци*

Ако се погледнат аритметичките средини презентирани во Табела 2., а особено илустрирани во Графикон 1. станува уочливо дека за сите концепти за кои постојат статистички значајни разлики, гледањата се дијаметрално спротивставени. Србите, Македонците и Бугарите се *добри* во очите на Македонците, а *лоши* од перспектива на Албанците. Од друга страна пак, единствените *лоши* за Македонците се Албанците, додека пак во очите на Албанците, самите Албанци се забележително *најдобри*. За разлика од Турците, кои се *добри* во очите и на едните и на другите, Грците се *неутрално* вреднувани од двете групи. Друга битна сличност меѓу двете групи испитаници е во тоа што и кај Македонците и кај Албанците постои највисок степен на интрагрупна неусогласеност во стереотипот што го имаат едни за други (највисоки стандардни отстапувања).

Подеталната анализа на биполарните придавки покажува дека, кога Македонците негативно ги вреднуваат Албанците, всушност, им ги припишуваат следните карактеристики: *кавгаџии, лоши, неинтелигентни, егоисти, сурови, неискрени* и *недружтвени*. Од друга страна пак, кога Албанците негативно ги вреднуваат Македонците, мислат дека тие се *егоисти, лоши, кавгаџии и неискрени*. Во очите на Албанците, Србите ги карактеризираат сите негативни особини наведени во скалата (*лоши, егоисти, неискрени, кавгаџии, сурови, недружтвени, неуспешни* и *неинтелигентни*), додека пак за Бугарите важи само тоа дека се *егоисти, лоши, кавгаџии, неискрени* и *сурови*.

**Табела 3.** *Резултати од споредбите меѓу податоците добиени во 2004 и во претходните години, кај двете групи испитаници посебно*

| | 1996 (I) | | 1998 (II) | | 2000 (III) | | 2002 (IV) | | *F-тест (p)* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МАК | АЛБ | МАК | АЛБ | МАК | АЛБ | МАК | АЛБ | МАК | АЛБ |
| **Македонци** | **2.72**<br>0.77 | **3.75**<br>1.26 | **2.53**<br>0.80 | **4.32**<br>1.29 | **2.47**<br>0.90 | **4.60**<br>1.52 | **2.43**<br>0.91 | **4.89**<br>1.51 | 2.69 [<.05]<br>**I** | 10.88[<.01]<br>**I, IV** |
| **Албанци** | **4.86**<br>1.11 | **1.98**<br>0.70 | **5.11**<br>1.16 | **1.79**<br>0.78 | **5.21**<br>1.15 | **1.94**<br>0.97 | **5.17**<br>1.27 | **1.77**<br>1.03 | 3.99 [<.01]<br>**II, III, IV** | 1.20 [>.05] |
| **Турци** | **3.08**<br>0.88 | **3.02**<br>1.14 | **3.03**<br>0.97 | **2.75**<br>1.11 | **3.08**<br>1.01 | **2.95**<br>1.21 | **3.11**<br>1.14 | **2.86**<br>1.28 | 1.84 [>.05] | 0.97 [>.05] |
| **Срби** | **3.12**<br>1.08 | **5.17**<br>1.10 | **3.07**<br>1.17 | **5.85**<br>1.05 | **2.44**<br>0.96 | **6.18**<br>1.05 | **2.35**<br>0.87 | **6.00**<br>1.66 | 23.02[<0.01]<br>**I, II** | 14.63[<.01]<br>**II, III, IV** |
| **Бугари** | **4.21**<br>1.01 | **4.28**<br>1.28 | **4.23**<br>1.08 | **4.34**<br>1.22 | **3.89**<br>1.10 | **4.45**<br>1.32 | **3.57**<br>1.22 | **4.75**<br>1.28 | 17.22[<.01]<br>**I, II, III** | 2.68 [<.05]<br>**IV** |
| **Грци** | **4.07**<br>0.97 | **3.61**<br>1.11 | **4.06**<br>1.09 | **3.79**<br>1.22 | **3.91**<br>1.12 | **4.22**<br>1.48 | **3.82**<br>1.80 | **3.95**<br>1.39 | 2.03 [>.05] | 4.24 [<.01]<br>**I** |

*Масните бројки ги претставуваат аритметичките средини на процените, а оние под нив соодветните стандардни отстапувања*

• *Колоната означена со МАК ги прикажува податоците добиени на испитаниците Македонци, а колоната означена со АЛБ, на испитаниците Албанци*

• *Редните броеви под резултатите од F-тестот означуваат со која од претходните фази (години) од споредбата, статистички значајно се разликуваат резултатите добиени во 2004*




Графикон 2.
*Споредба меѓу просечните проценки на студентите – МАКЕДОНЦИ во петте последователни наврати*




Графикон 3.
*Споредба меѓу просечните процени на студентите -АЛБАНЦИ во петте последователни наврати*

Споредбите на резултатите добиени во 2004 година со резултатите од претходните четири наврати (Табела 3. и Графикон 2. и 3.) укажуваат на тоа дека за македонските испитаници стереотипот за Грците и Турците е временски стабилен. Таква стабилност кај Албанците постои во автостереотипот и во стереотипот за Турците.

И покрај тоа што Македонците ги перципираат Албанците како *лоши*, сликата за нив пројавува тенденција на подобрување во однос на периодот 1998–2002, што значи дека *вреднувањето* е вратено на позициите од 1996 година. Притоа, клучна година за подобрување на сликата на Македонците за Србите е 2000, а за Бугарите е 2002. Автостереотипот на Македонците се подобрува во 1998 и оттогаш не се менува.

Кај Албанците, сликата за Србите се менува на ист начин како и сликата на Македонците за Албанците – стереотипот во 2004 година е еднаков со оној во 1996, а помалку негативен во однос на периодот 1998–2002. Стереотипот на Албанците за Грците бил најпозитивен во 1996, за да стане неутрален во следните години. Трендот на влошување на сликата за Македонците кај Албанците што е забележан од 1996 (кога стереотипот е неутрален), ја достигнал кулминацијата во 2002, за да покаже значајно поместување кон помалку лоши во последната година на истражувањето.

**Дискусија**

Албанците-студенти на Педагошкиот факултет во Скопје ги гледаат низ негативна призма Македонците (исто како и Бугарите), но уште понегативно ги доживуваат Србите. Од аспект на антецедентните фактори според *теоријата на интегрирани закани* (Слика 1.) единствено што изненадува е зошто негативните стереотипи на Албанците за Србите се најизразени ако се земе предвид дека Албанците од Македонија немаат историја на директен групен конфликт со Србите, ниту пак почести директни негативни контакти со нив отколку со Македонците. Можно објаснување на ваквата ситуација е дека во колективниот идентитет на Албанците од Македонија нема разлика помеѓу нив и Албанците што живеат на Косово. Ова тврдење е поткрепено со резултатите кои покажуваат дека кулминацијата на негативниот сте-

реотип на Албанците за Србите е достигната во 2000 година, по војната во Косово. Во секој случај, директниот конфликт, како антецедентен фактор, ја одиграл својата улога во врска со негативниот стереотип на Албанците за Македонците, кој е најлош во 2002, по оружениот судир меѓу ОНА и безбедносните сили што е широко доживеан како етничка „војна" меѓу Македонците и Албанците.

Македонците-студенти на Педагошкиот факултет во Скопје имаат негативен стереотип само за Албанците што, во контекстот на *теоријата на интегрирани закани,* може да се објасни со дополнителното влијание на статусните разлики и со непознавањето, како антецедентни фактори. Освен претходниот групен конфликт, и негативните контакти и непознавањето на албанската култура, традиција и историја неминовно раѓа страв од непознатото што се одразува на засилувањето на негативниот стереотип кон „другиот". Притоа, негативната слика за Албанците ја достигнува својата кулминација во 2000 година (по војната во Косово и бегалската криза), кога кај Македонците се јавува најизразено стравување од губење на статусните позиции во однос на Албанците поради перципираната закана од нарушување на мнозинско-малцинските односи што дотогаш им го гарантирала бројната надмоќност во земјата.

Иако ова истражување имаше за цел да ги открие негативните стереотипи кај Македонците и на Албанците, постои простор за дискусија и за другите заканувачки фактори што доведуваат до фромирање на етничките предрасуди на едните кон другите. Постојат многубројни *реалистични закани* од објективна, но и од субјективна природа, кои задираат во сферата на социјалната благосостојба, на демографските и на територијалните односи и сл. Најочигледно е присуството на *симболички закани* кои произлегуваат од културалните разлики што, во најголема мера, се резултат на религиските влијанија. Истовремено, како резултат на пролонгираниот антагонизам и високиот интензитет на интеретнички тензии, може да се очекува и висок степен на *интергрупна анксиозност* во меѓусебната комуникација (антиципирани негативни исходи од контактите меѓу припадници на двете етнички заедници).

Постоењето на негативни стереотипи кај Македонците и кај Албанците што студираат на Педагошкиот факултет во Скопје,

надополнето со присуството и на сите други заканувачки фактори, ја прави повеќе од веројатна можноста за формирање на етнички предрасуди кај претставниците на двете најбројни етнички заедници во Република Македонија. Згора на тоа, фактот дека испитаниците се идни воспитувачи и одделенски наставници многукратно ја зголемува опасноста од континуирано ширење на предрасудите кај идните генерации ученици. Притоа, е најзагрижувачки, што негативниот стереотип на Македонците којшто се пренесува од една на друга генерација, освен што ги содржи особините од сферата на социјалните односи, вклучува и елемент на потценување на интелектуалните капацитети на Албанците, а автостереотипот на Албанците претставува идеализирана слика која никој друг етникум, во непосредната околина не ја достигнува.

Резултатите од ова истражување се добиени на примероци студенти на Педагошкиот факултет во Скопје. Тоа ја ограничува можноста за генерализирање на наодите на сите идни воспитувачи и одделенски наставници. Меѓутоа, и покрај можноста да се сменат перцепциите на Македонците и на Албанците за другите етникуми, доколку во примерокот се вклучат и студентите на педагошките факултети од Битола, од Штип и од Тетово, мала е веројатноста дека ќе се јават разлики во меѓусебните перцепции на Македонците и на Албанците како резултат на проширување на примерокот.

(Рецензент: *проф. д-р Михајло Поповски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Allport, G.W. (1954). *The Nature of Prejudice.* Reading, MA: Addison-Wesley

Baron, R.A. & Byrne, D. (1987). *Social Psychology: Understanding Human Interaction.* Boston: Allyn and Bacon

Secord, P.E. & Backman, C.W. (1964). *Social Psychology.* New York: McGraw Hill

Stephan, W. (1999). *Reducing Prejudice and Stereotyping in Schools.* New York: Teachers College, Columbia University

Violeta PETROSKA-BEŠKA
Nikolina KENIG

## NEGATIVE ETHNIC STEREOTYPES A S A FACTOR FOR FORMING PRJUDICES AMONG THE FUTURE PRE-SCHOOL AND ELEMENTARY TEACHERS

### Summary

The article presents empirical results about the evaluative aspect of ethnic stereotypes hold by ethnic Macedonian and ethnic Albanian students from the Faculty of Pedagogy in Skopje. The research has being conducted in five deferent periods: 1996, 1998, 2000, 2002 and 2004. The analysis aims to answer the following questions: (1) What are the differences in the stereotypes for the the Macedonians, Albanians, Turks, Serbs, Bulgarians and Greeks hold by the ethnic Macedonian and ethnic Albanian future pre-school and elementary school teachers? (2) What are the changes over time in the stereotypes that the ethnic Macedonian and ethnic Albanian future pre-school and elementary school teachers have for the mentioned ethnic groups?

The results suggest that both groups hold negative stereotypes for each other. The ethnic Macedonian subjects perceive only the Albanians through negative lenses, while the ethnic Albanian respondents have negative stereotypes for the Macedonians, Serbs and Bulgarians. The stereotypes change over time, in the periods when different threatening factors determine the experience of the other groups in different ways. Interpreted from the perspective of the theory of

integrated threat, the presence of negative stereotypes among the ethnic Macedonian and ethnic Albanian students from the Faculty of Pedagogy, complemented with the presence of all other threatening factors makes the possibility of forming ethnic prejudices at the two biggest ethnic groups more than possible.

***Keywords:*** *NEGATIVE ETHNIC STEREOTYPES.*